

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ, ИЗРАБОТКА И ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ, СТРУЧНИ ТРУДОВИ И ЕСЕИ

Скопје, 27.06.2024 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-597/1
27.06 2024 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/18) и член 72 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 130-та седница одржана на ден 27.06.2024 година, го донесе следниот:

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
на

ПРАВИЛНИК

за начинот на пријавување, изработка и одбрана на дипломски трудови, стручни трудови и есеи

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на пријавување, изработка и одбрана на дипломски трудови, стручни трудови и есеи на Европскиот Универзитет Скопје (во понатамошниот текст Универзитетот)

I. Пријавување и изработка на дипломски трудови

Член 2

Студентите кои студираат на Универзитетот на прв циклус академски студии должни се да пријават и изработат дипломски труд за да се стекнат со диплома за завршен факултет.

Член 3

Дипломскиот труд може да се пријави по било која наставна дисциплина од студиската програма, освен за предметите за кои Наставно – научниот совет на факултетот ќе донесе заклучок дека не може да се работи дипломски труд.

Член 4

Студентите запишани на универзитетот согласно кредит трансфер системот, дипломски труд пријавуваат во VIII семестар.

Член 5

Дипломскиот труд се пријавува на посебен формулар, во Службата за студентски прашања и кај предметниот наставник кој студентот го избрал за ментор.

Темата по која ќе се работи дипломски труд се утврдува со наставникот кај кого се пријавува трудот.

Член 6

Студентот, согласно избраната тема за дипломски труд изработува кратка содржина (тези), како и список на предложена литература кои ги одобрува менторот.

Член 7

Комисиите за одбрана на дипломскиот труд по одделни наставни дисциплини ги формира Наставно – научниот совет на секој факултет, на почеток од учебната година.

Комисија за одбрана на дипломскиот труд е составена од два члена, од кои едниот е ментор.

Комисијата е должна да му овозможи на кандидатот повремени консултации поврзани со изработката на дипломскиот труд и да оцени кога истиот е подготвен да се предаде во Службата за студентски прашања.

Тоа подразбира дека дипломскиот труд ќе биде изработен, согласно усвоените тези, со конкретно користење на литературата и другите извори.

II. Структура на трудот

Член 8

1) Соодветно изработен труд треба да ги содржи следниве компоненти:
   - Насловна страна;
   - Апстракт;
   - Содржина;
   - Вовед;
   - Главен текст;
   - Заклучок;
   - Користена литература.

2) Насловна страна
   Насловната страна треба да ги содржи следниве компоненти:
   - Име на Универзитетот;
   - Име на факултетот;
   - Наслов;

- Предмет;
- Вид на трудот (дипломска работа;)
- Автор (Име и презиме, број на индекс);
- Ментор;
- Дата и место.

3) Апстракт

Апстрактот треба да ги содржи следниве компоненти:

- Главната цел на истражување во дипломскиот труд;
- Главните резултати од истражувањето;
- Главните заклучоци од овие резултати.

4) Содржина

Содржината треба да ги содржи следниве компоненти:

- Сите главни наслови;
- Насловите на поглавјата и редоследот треба да бидат потполно исти како во трудот.

5) Вовед

Воведот треба да ги содржи следниве компоненти:

- Вовед во темата и проблематиката. Зошто е одбрана темата?;
- Дефинирање на проблемот.

6) Главен дел

Главниот текст треба да ги содржи следниве компоненти:

- Опфат на истражувањето.

7) Заклучок

- Во текстуалниот дел се изведуваат оние заклучоци кои се релевантни за третираната тематика;
- Поентите треба да се подредат според нивната релативна важност;
- Не треба да се презентираат нови информации во делот за заклучоци.

8) Користена литература

На крајот на текстуалниот дел се внесува користена литература со следните податоци:

- Име на авторот;
- наслов на книгата, студијата, зборникот или др. (*со искосени букви-италик*)
- издавач;
- место и година на издавање.

III. Посебни услови за стручно-уметнички предмети

Член 9

Главен текст и илустрации

Главниот текст треба да ги содржи следниве компоненти:

- Опфат на истражувањето;
- Во материјалот, одредени цитати и податоци изворно цитирани или превземени од друг извор, треба задолжително да се означат во фуснота или во енднота;
- Потребно е да се објасни методологијата што е применета за развој на креативните решенија и тие да се претстават визуелно;
- Покрај текстот се презентираат и илустрации.

Член 10

1) Графички дизајн - со оглед на спецификите на трудовите од областите на графичкиот дизајн, графичкиот дел на дипломскиот труд се обработува во посебен дел на минимум 2 панели со димензии 50 x 70 цм или минимум 1 панел со димензии 70 x 100 цм. Доколку се работи за апликативно дело тогаш графичкиот дел треба да содржи и макета или прототип на делото.
Со оглед на спецификите на трудовите од областите на дизајнот менторот може да предложи и дополнителна форма на презентација на графичкиот дел.

2) Моден дизајн - со оглед на спецификите на трудовите од областите на модниот дизајн на дипломскиот труд се обработуваат 5 прототипови за модна колекција, и една модна книга. Модни илустрации: дигитална изработка на минимум 2 панели со димензии 50 x 70 цм или минимум 1 панел со димензии 70 x 100 цм. Рачна изработка на 10 модни илустрации со димензии 50 x 70 цм или 5 панела со димензии 70 x 100 цм. Со оглед на спецификите на трудовите од областите на дизајнот менторот може да предложи и дополнителна форма на презентација од модниот дизајн.

3) Дизајн на ентериер - со оглед на спецификите на трудовите од областите на дизајн на ентериер на дипломскиот труд се обработува со дизајн на ентериер или мебел со визуелизација / технички цртеж или 3Д модел/презентација, и минимум 1 панел со димензии 70 x 100 цм. Со оглед на спецификите на трудовите од областите на дизајнот менторот може да предложи и дополнителна форма на презентација од дизајн на ентериер.

Член 11

Дипломскиот труд треба да содржи минимум 30 /триесет/ страни, не вклучувајќи ја насловната страница, страниците каде што е наведена

содржината на трудот, страниците каде што е наведена користената литература и фуснотите.

Насловот на дипломскиот труд не треба да содржи кратенки, загради или наводници.

Член 12

Изработениот дипломски труд, во обем од најмалку два авторски табаци, се предава во службата за студентски прашања во 3 /три/ печатени примероци и 3 /три/ CD-а.

Службата за студентски прашања доставува 1/еден/ примерок од дипломскиот труд од менторот, 1/еден/ до членот на комисијата, а 1/еден/ примерок останува во досието на студентот.

Член 13

По завршувањето на целокупната фаза на изработка на дипломскиот труд, менторот го определува денот на јавната одбрана на истиот.

Член 14

Пред одбраната на дипломскиот труд, Службата за студентски прашања е должна:

- да го провери досието на кандидатот за да констатира дека тоа ги содржи сите документи неопходни за студиите (пирјави, финансиските аспекти и др.), за да се констатира дека се исполнети сите услови за одбрана на дипломскиот труд;

- да го објави терминот и местото на одбрана на дипломскиот труд;
- по добивањето на записникот за одбрана да ги подготви документите за издавање на уверение и диплома.

Член 15

Одбрана на дипломски труд може да се спроведе најрано 5 (пет) дена од кога ќе се положи последниот испит на студентот.

Од денот на објавување на одбраната, до денот на одбраната треба да има растојание од најмалку 3 (три) дена.

Денот и местото на одбрана се објавува на огласна табла на универзитетот.

Член 16

Одбраната на дипломскиот труд е јавна.

На почеток на одбраната менторот ги изнесува основните податоци за кандидатот и за содржината на дипломскиот труд.

Кандидатот на своето излагање ја изнесува основната содржина и заклучоците до кои дошол во изработка на дипломскиот труд.

Комисијата по одбраната, го оценува дипломскиот труд со оценка од 5 /пет/ до 10 /десет/.

Студентот кој добил оценка 5 /пет/ и не го одбранил дипломскиот труд може да изработи втор дипломски труд по друг предмет.

За одбраната на дипломското труд се води записник, на посебен формулар,.

Записникот од одбраната на дипломскиот труд се доставува до Службата за студентски прашања за натамошна постапка.

Член 17

Максималниот број на дипломски трудови по одреден предмет го утврдува Наставно- научниот совет на почетокот на учебната година.

Член 18

IV. Пријавување и изработка на стручни трудови и есеи

Студентите, кои студираат по кредит трансфер системот, заради освојување на поени (бодови) по одредени наставни предмети изработуваат стручен труд или есеј.

Стручниот труд односно есејот се пријавува кај наставникот, согласно темите кои се предмет на совладување на материјата.

Стручните трудови, односно есеите, можат да се оценат со најмногу 20 поени.

Член 19

Стручните трудови, односно есеите, се со обем од најмногу еден авторски табак. За одредени предмети, поради нивната специфика, Наставно - научниот совет на факултетите може да донесе одлука за обликот и обемот на стручниот труд, односно есејот.

V. Завршни одредби

Член 20

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 21

За измени и дополнувања на правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 22

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Доц. д-р Соња Вујасин